Универзитетски гласник

Издавач

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

Уредник на издавачката дејност на УКИМ
*Проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ,*
ректор

Уредник на *Универзитетски гласник*
*М-р Марија Маневска,*
генерален секретар

Лектура
*БЕСТЕЛ ДООЕЛ Скопје*
*29 Владимир Каваев*
*1000 Скопје*

Техничко уредување
*Зоран Кордоски*

# СОДРЖИНА

**СТАТУТ**
на Архитектонскиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ,,,.......................................,3

**ОДЛУКА**
за давање согласност на Статутот на Архитектонскиот факултет во Скопје .....18

Врз основа на член 110, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.82/2018 и член 147 од Статутот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет - Скопје, на 36-та седница одржана на 18.9.2019 година, донесе

# СТАТУТ
## на Архитектонскиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: статус и основна дејност, назив и седиште, овластувања, права, обврски и одговорности, начела на автономијата, обележја, дејности, внатрешна организација, студентско организирање, органи и тела, овластувања и начин на работа, управување, вршење и одлучување на Архитектонскиот факултет - Скопје (во натамошниот текст: Факултетот), како и други прашања што се од значење за вршење на дејноста за која е основан.

За прашањата кои не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование (во натамошниот текст: Законот), Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност, за вршење на стручните и административните работи и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

**Статус и основна дејност**

**Член 2**

Архитектонскиот факултет – Скопје е високообразовна установа како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус студии, научноистражувачка и применувачка дејност во научното подрачје на техничко-технолошките науки, во научноистражувачките полиња на архитектура, урбанизам и планирање, како и во сите научни области што се во врска со основната дејност на Факултетот.

На Факултетот можат да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот на доживотно учење согласно со законот, Статутот, другите акти на Универзитетот и Факултетот.

**Член 3**

Факултетот ја остварува дејноста од член 2 од овој Статут во согласност со законот, Статутот и со другите акти на Универзитетот.

**Назив и седиште**

**Член 4**

Факултетот работи под назив: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет – Скопје.

Полниот назив на Факултетот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Architecture – Skopje, Republic of North Macedonia.

Скратениот назив на Факултетот на англиски јазик е: Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Faculty of Architecture – Skopje.

Седиштето на Факултетот е на адреса: Бул. Партизански одреди бр. 24, Скопје.

**Датум на основање**

**Член 5**

Факултетот е основан со Уредба на Владата на Народна Република Македонија во 1949 година како Архитектонски оддел на Техничкиот факултет во Скопје.

Од 1965 до 1975 година, Архитектонскиот оддел дејствува во рамките на Архитектонско-градежниот факултет.

Од 1975 година, Архитектонскиот факултет – Скопје работи како самостојна високообразовна установа, со одлука на Архитектонско-градежниот факултет бр. 01-353/1 од 18.2.1975 година и 28.2.1975 година.

**Овластувања, права, обврски и одговорности на Факултетот**

**Член 6**

Факултетот има овластувања, права, обврски и одговорности согласно со законот, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

**Веб-страница на Факултетот**

**Член 7**

Факултетот има веб-страница која гласи њњњ.арх.уким.еду.мк на македонски и на англиски јазик на која задолжително се објавуваат содржините пропишани во член 21 став 3 од Законот.

Деканатската управа донесува акт за изгледот на веб-страницата, за информациите кои ќе се објавуваат, одговорни лица за доставување и за објавување на информациите и сл.

**Академска заедница и автономија**

**Член 8**

Правата и обврските на членовите на академската заедница на Факултетот се уредуваат со Етичкиот кодекс на Универзитетот.

**Член 9**

Факултетот својата дејност ја врши врз принципот на академска автономија.

Одредбите за автономијата утврдени со законот и со Статутот на Универзитетот соодветно се применуваат и за Факултетот.

**Член10**

Полицијата и другите државни органи за безбедност не можат без согласност на деканот или на лице овластено од него да влегуваат во просторот на Факултетот, освен за спречување на извршување кривично дело што непосредно претстои или за започнато кривично дело, за задржување на неговиот сторител, како и во случај на природни и други незгоди.

Во отсуство на деканот, согласноста од став 1 на овој член ја дава продеканот овластен од него.

**Член 11**

Доколку просторот на Факултетот се наруши спротивно на одредбите од законот, Статутот на Универзитетот и овој Статут, деканот свикува седница на Деканатската управа и ги известува надлежните државни органи.

Доколку просторот на Факултетот се наруши спротивно на одредбите од овој Статут, деканот, во име на Факултетот, веднаш по констатирањето на нарушувањето на просторот на Факултетот, поведува соодветна законска постапка против лицата кои го нарушиле просторот на Факултетот.

**Еднаквост, недискриминација и инклузија**

**Член 12**

Факултетот ќе се грижи за спроведување на политиките на еднаквост, недискриминација и инклузија, во согласност со законот, Статутот на Универзитетот и овој Статут.

**Член 13**

На Факултетот се формира тело за еднаквост, инклузија и недискриминација.

Телото за еднаквост, инклузија и недискриминација има 3 члена, од кои 2 члена се избираат од редот на наставниот кадар на Факултетот и 1 член од редот на студентите, при што Факултетот води сметка за родовата застапеност и принципите на правичната застапеност на претставниците од различните заедници и научните подрачја.

Членовите од редот на наставниот кадар ги избира Наставно-научниот совет на Факултетот, додека членовите од редот на студентите ги избира Факултетското студентско собрание.

**Член 14**

Начинот на работата, обврската на членовите и активностите на телото за еднаквост, недискриминација и инклузија, како и условите и начините за постапување на и пред телото за еднаквост, недискриминација и инклузија во постапките по претставки против нееднаквост, дискриминација и инклузија, на студентите и

вработените, се утврдуваат со актите на Универзитетот и на Факултетот.

**Печат**

**Член 15**

Факултетот има печат со тркалезна форма, во кој во средината е грбот на Република Северна Македонија, а околу грбот стои натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Скопје, а во внатрешниот ред: Република Северна Македонија.

Овој печат се употребува за архивското работење на Факултетот.

**Штембил**

**Член 16**

Факултетот има штембил кој е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет-Скопје, број __-___/___ година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на Факултетот.

**Амблем**

**Член 17**

Факултетот има амблем кој е во кружна форма во која е впишан квадрат. Кружната форма е составена од два концентрични круга и меѓу нив е испишан текст: Архитектонски факултет - Скопје. Квадратната форма е составена од четири елементи: шестар со тролисна глава во средината околу кој се поставени симетрично и во плетенка два ѕидарски триаголника под кои се наоѓа линијар.

Амблемот на Факултетот се употребува на знамето, дипломите, меморандумот и изданијата на Факултетот, како и на пригодни беџови што се издаваат по повод јубилејни прослави на Факултетот.

**Знаме**

**Член 18**

Факултетот има знаме кое е со црвена боја и со однос на страните 1:1,618. Во средината на полето е поставен амблемот на Факултетот во златна боја.

Знамето на Факултетот се истакнува на објектот на Факултетот по повод прослави, свечености и други активности кои се од значење за Факултетот, при одржување на меѓународни универзитетски средби, натпревари и собири.

**Декански инсигнии**

**Член 19**

Деканските инсигнии се состојат од синџир на кој што двете последни алки се медаљони со форма на амблемот на Факултетот, на кои е прикачена картуша која ја симболизира словенската писменост, на која, пак, е закачен амблемот на Универзитетот.

Деканските инсигнии ги носи деканот на Факултетот при прослави, промоции и други свечености на Универзитетот и на Факултетот, при претставување на Факултетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби.

**Одора**

**Член 20**

На Факултетот се востановува одора за: деканот и за продеканите.

Изгледот на одората е пропишан со Статутот на Универзитетот и таа се носи при промоции, прослави и други свечености на Факултетот и Универзитетот, како и при претставување на Факултетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби, согласно со актите на Универзитетот.

**Член 21**

При употреба на знаците и другите обележја на Факултетот истовремено се употребуваат и обележјата на Универзитетот, согласно со актите на Универзитетот.

**Ден на Факултетот, награди и признанија**

**Член 22**

Ден на Факултетот е 6 октомври, ден кога во 1949 година започнала наставата на Архитектонскиот оддел на Техничкиот факултет.

Денот на Факултетот се одбележува секоја година на свечен начин.

**Член 23**

По повод јубилеи и други значајни настани, како и на промоции, Факултетот доделува награди, признанија и сл.

Критериумите за наградување и видот на наградите и признанијата се дефинираат со акти донесени од страна на Наставно-научниот совет.

## II. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

### Член 24

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно уметничката дејност како единствен процес.

Во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката, односно уметничката дејност, Факултетот:

1. го планира остварувањето и развојот на своите дејности во рамките на Универзитетот за кои е основан во согласност со буџетските средства, од самофинансирачките активности, донации и слично;
2. врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка, односно уметничка дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или во повеќе сродни области во рамките на Универзитетот, а по овластување, и надвор од рамките на Универзитетот и се грижи за нивниот развој;
3. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
4. организира научни и уметнички собири, конгреси, симпозиуми, советувања и други научни и стручни собири, како и теренска настава во земјата и во странство согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
5. во рамките на интегрираниот библиотечно-информациски систем на Универзитетот, ја организира работата на библиотеката и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност;
6. издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот, како и други исправи (документи) за статусот на студентот во текот на студирањето;
7. издава документи врз основа на продавање на научни и стручни услуги и производи;
8. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
9. остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование во согласност со актите на Универзитетот;
10. разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
11. организира стручна и административна служба во согласност со актите на Универзитетот;
12. врши издавачка дејност во согласност со актите на Универзитетот;
13. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна и научноистражувачка дејност и за кадрите во стручната и административна служба;
14. реализира домашни и меѓународни проекти во согласност со актите на Универзитетот;
15. се грижи и презема мерки за тековно и инвестиционо одржување на објектите и имотот;
16. ги уредува формите на стручно и професионално усовршување;
17. води евиденции согласно со важечките прописи за водење евиденции за високото образование;
18. врши и други работи утврдени со закон, со Статутот и со другите акти на Универзитетот.

### Член 25

Архитектонски факултет се грижи за спроведување на политиките на врвен

квалитет во образованието на архитектите во Република Северна Македонија, се грижи за примена на највисоки професионални стандарди на работење во професијата и се грижи и активно ги застапува јавните интереси во заштитата на архитектонското и културното изградено и неизградено наследство, заштитата на јавниот простор и заштитата на животната средина, а особено за:

- примена на знаења и разбирања кои се темелат на познавањата на различните концепти од теоријата и историјата на архитектурата и градот и на современата теорија и пракса во процесот на обликувањето на зградите, градовите и околината, имајќи ги предвид естетските барања, општествените потреби, како и барањата поврзани со животната средина;
- системот на просторното и урбанистичкото планирање, уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и социјалната, економската и еколошката одржливост на човечките населби;
- легислативни рамки, професионални стандарди и етички норми за развивање на решенија за конкретни проблемски и програмски задачи во областите на архитектурата и урбанизмот, како и во подрачјето на заштита и ревитализација на градителското наследство;
- изработување на проектна документација, ревизија на проектната документација, стручен надзор над градењето, пуштање на градбите во употреба и создавање на услови и контрола на употребата на градбите според нивната намена;
- сите други стручни работи во обласа на планирањето и изградбата.

## III. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 26**

Факултетот за вршење на својата дејност е организиран во:

1. Институти
2. Факултетски лаборатории
3. Библиотека

Факултетот за вршење на својата дејност може да основа и катедри, оддели, центри и други внатрешни организациони единици.

**Институти**

**Член 27**

Институтите се основни внатрешни наставно-научни организациони единици на Факултетот, организирани според соодветни научноистражувачки области.

Во рамките на институтите можат да се организираат катедри коишто припаѓаат на соодветни научноистражувачки области или дисциплини.

**Член 28**

Институтите се формираат за организирање и изведување на наставно-образовна дејност, поврзана со соодветните научноистражувачки области, развојни и фундаментални проекти.

Членови на институт се наставниците и соработниците кои се во работен однос на Факултетот избрани во наставно-научно звање и соработничко звање на наставно-научни области коишто влегуваат во дејноста на институтот.

**Член 29**

Институтите се основаат, се припојуваат и се делат, односно се расформираат во согласност со потребите на наставно-образовната и научноистражувачката работа, за што одлучува Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 30**

Институтите во рамките на својата дејност:

1. организираат и остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност;
2. соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката работа;
3. ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат,

усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката работа;
4. организираат и остваруваат применувачка дејност;
5. изведуваат стручни, советувачки и други применувачки услуги;
6. развиваат современи педагошки методи;
7. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
8. предлагаат членови на рецензентски комисии;
9. се грижат за создавањето научен подмладок;
10. се грижат за стручното и за научното усовршување на наставниците и соработниците;
11. го поттикнуваат вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа на Факултетот;
12. ги проучуваат можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;
13. вршење самоевалуација на работата на институтот и неговите членови;
14. предлагање распоред на часовите за предавања и вежби;
15. вршат организација, подготовка и изведување на теоретската, лабораториската, практичната и теренската настава според студиската програма;
16. вршат и други работи утврдени со овој Статут.

**Член 31**

На Факултетот се основани и функционираат следниве институти:
1. Институт за архитектонско проектирање;
2. Институт за урбанизам;
3. Институт за високоградба;
4. Институт за заштита на градителското наследство, историја на архитектурата и уметност;
5. Институт за графички комуникации.

**Член 32**

Со институтот раководи раководител кој е наставник од соодветниот институт.

Раководителите на институтите се избираат со мандат од 3 години, со можност за уште еден реизбор.

Раководител на институт се избира од страна на членовите на институтот со мнозинство гласови од вкупниот број членови со тајно гласање.

Деканот донесува одлука со која се констатира изборот на раководител на институт.

**Член 33**

Доколку институтот не избере раководител до денот на истекот на мандатот на постојниот раководител, деканот назначува вршител на должност раководител со мандат додека трае постапката за избор на раководител, но најдолго 3 месеци.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на раководителот, деканот во рок од 7 работни дена спроведува постапка за избор за нов раководител.

Ако не се избере раководител, се применува одредбата од ставот 1 на овој член.

**Член 34**

Во отсуство на раководителот, него го заменува највозрасниот присутен член на институтот, но не подолго од 3 месеци.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член, се спроведува постапка за избор на нов раководител.

**Член 35**

Раководителите за својата работа одговараат пред деканот.

**Член 36**

На раководителот на институтот му престанува функцијата пред истекот на мандатот во следниве случаи:
- ако поднесе оставка;
- ако биде разрешен;
- ако му престанал работниот однос;
- во други случаи утврдени со закон.

Во случаите од ставот 1, алинеи 1 и 3, институтот констатира дека на раководителот му престанал мандатот, а деканот донесува одлука со која се констатира престанок на мандатот.

**Член 37**

Образложена иницијатива за разрешување на раководител на институт можат да поднесат најмалку една третина од вкупниот број членови на институтот или деканот или Деканатската управа.

Иницијативата се доставува до институтот, кој со образложена одлука ја прифаќа или ја одбива иницијативата со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на институтот.

Ако се прифати иницијативата, во рок од 15 дена се спроведува постапка за разрешување.

Институтот одлучува за разрешување на раководителот со мнозинство гласови од вкупниот број членови со тајно гласање.

**Член 38**

Раководителот на институтот:

1. ја организира и ја води работата на институтот и се грижи и е одговорен за навремено извршување на работите од дејноста на институтот;
2. ги свикува и ги води состаноците на институтот;
3. се грижи за изведување на наставно-образовната и на научноистражувачката работа од областа на институтот;
4. ги извршува одлуките на органите на Факултетот, кои се однесуваат на работата на институтот;
5. ги известува органите на Факултетот за работата на институтот;
6. се грижи наставната ангажираност на наставниците и соработниците да биде порамномерна;
7. ги известува вработените од институтот за работата на Деканатската управа;
8. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

**Катедри**

**Член 39**

Факултетот може да формира катедри во состав на институтите, кои што ги сочинуваат наставниците и соработниците од иста или сродна научноистражувачка област или дисциплина, со цел усогласување и развивање на наставно-образовната, научноистражувачката, уметничката и применувачката дејност.

**Факултетски лаборатории**

**Член 40**

За практично изведување на наставно-образовната, научноистражувачката и применувачката дејност на Факултетот може да се формираат и самостојни факултетски лаборатории.

**Библиотека**

**Член 41**

Библиотеката на Факултетот учествува и дава свој придонес во креирањето на политиката на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

Библиотеката на Факултетот ја собира, ја уредува и ја распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, на соработниците и на студентите им ги дава информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги образува од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработува библиографија за високообразовните наставници и соработници.

Библиотеката на Факултетот ја собира, ја уредува и ја распоредува аудиовизуелната научната, студиската и стручната документација и на наставно-научните кадри, на соработниците и на студентите им ја става на располагање.

**Центри**

**Член 42**

Факултетот може да формира и центри заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачка, применувачка дејност, како и пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата.

**Член 43**

Наставно-научниот совет, со статутарна одлука за формирање на центар, утврдува за која цел се основа центарот, просторот каде што ќе биде лоциран, кадровската екипираност, корисниците, финансиската конструкција на работењето на

центарот, како и други работи битни за неговото функционирање.

Центар може да се формира, доколку се обезбедени просторни и други материјални услови пропишани со актот за основање.

**Центар за кариера**

**Член 44**

Факултетот може да основа центар за кариера кој води посебна евиденција за поранешни студенти (алумни).

Центарот за кариера има основна цел да ги продолжи контактите и да воспостави соработка со студентите кои завршиле студии на Факултетот.

**Други внатрешни организациони единици**

**Член 45**

Наставно-научниот совет може да иницира формирање на внатрешна организациона единица на образложен предлог на деканот и на Деканатската управа согласно со Статутот на Универзитетот.

**Стручна и административна служба**

**Член 46**

Стручните и административните работи ги врши стручната и административна служба на Факултетот, како дел од интегрираната стручна и административна служба на Универзитетот.

Со службата на Факултетот раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот на Факултетот.

**Член 47**

Секретарот, по предлог на деканот, се избира од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Наставно-научниот совет може да го разреши секретарот на Факултетот по предлог на деканот на Факултетот, доколку во спроведена постапка се утврди дека неговата работа е спротивна на законот, актите на Универзитетот и овој Статут и кога ќе оцени дека не ги врши работите од својата надлежност.

**Член 48**

Секретарот на Факултетот:

1. се грижи за подготвување и обработка на материјалите за седниците на Деканатската управа и Наставно-научниот совет, како и за подготвување на одлуките и општите акти што ги донесуваат овие органи и тела;
2. по овластување на деканот, го застапува Факултетот во правните работи;
3. се грижи за исполнувањето и извршувањето на обврските на Факултетот во соработката на Факултетот со соодветните државни и општински органи и тела, надлежни за работите на образованието и науката;
4. се грижи за уредноста и ажурноста во работата по предметите и подготвувањето на другите материјали и за таа цел свикува и раководи со работните состаноци на Службата на Факултетот;
5. го следи извршувањето на одлуките и заклучоците на органите на Факултетот и ги известува за тоа;
6. му предлага на деканот решенија во врска со правата, должностите и одговорностите од работниот однос на ненаставниот кадар од стручната и административната служба на Факултетот.

**Член 49**

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите во Стручната и административна служба, како и овластувањата и правата и обврските на секретарот на Факултетот, се утврдуваат со актите на Универзитетот и на Факултетот.

**Основање на друга организација**

**Член 50**

Факултетот може да основа друга организација согласно со Статутот на Универзитетот со посебен акт за основање кој го донесува Наставно-научниот совет и го потврдува Сенатот.

## IV. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

**Факултетско студентско собрание**

**Член 51**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат

претставници од студентите од Факултетот, кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози.

Факултетот со одлука на Наставно-научниот совет обезбедува простории за работа на Факултетското студентско собрание.

**Член 52**

Членовите и претседателот на факултетското студентското собрание се избираат во постапка уредена во законот и Статутот на Универзитетот.

Членовите и претседателот на Факултетското студентското собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор.

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите редовно запишани студенти на Факултетот во учебната година во кој се спроведува изборот.

Кандидатите за претставници во Факултетското студентско собрание се утврдуваат на собири на студентите за секоја студиска година.

**Член 53**

Факултетското студентско собрание го сочинуваат по пет претставници од секоја студиска година од секој одделен циклус на студии, со мандат од една година, со право на уште еден избор.

**Член 54**

Претседателот на факултетското студентско собрание се избира на непосредни и тајни избори со мандат од една година, со право на уште еден избор.

**Член 55**

Факултетското студентско собрание има свои органи што се утврдени со Статут на Факултетското студентско собрание, кој го донесува по претходна согласност на Наставно- научниот совет на факултетот.

**Заменик-студентски правобранител**

**Член 56**

Заради заштита на правата на студентите на Факултетот, се избира заменик-студентски правобранител од редот на редовните студенти на Факултетот.

**Член 57**

Надлежноста, условите за избор, постапката за избор и разрешување и работата на заменикот-студентски правобранител се утврдуваат со акти на Универзитетот, Факултетот и Факултетското студентско собрание.

**Учество на студентите во управувањето**

**Член 58**

Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги избира и ги разрешува Факултетското студентско собрание од редот на редовните студенти на Факултетот.

Претседателот на Факултетското студентско собрание доставува потпишан записник и одлука за извршениот избор од став 1 на овој член и ја доставува до деканот во рок од 3 дена по извршениот избор.

Постапката за избор и разрешување на претставниците од став 1 на овој член се утврдува со Статутот на Факултетското студентско собрание.

Во случај на престанок на мандат на претставник од став 1 на овој член, Факултетското студентско собрание е должно да избере нов член во рок од 14 дена од денот на престанок на мандатот.

До изборот, претставникот не се смета во вкупниот број членови во органите и телата на Факултетот.

**Член 59**

Работата на Факултетското студентско собрание се финансира од средствата на Факултетот и други извори, согласно со планот за активности и можностите на Факултетот, согласно со закон и акт на Факултетот.

Факултетското студентско собрание располага со средствата на начин утврден со нивниот статут.

Факултетот врши надзор над наменското трошење на средствата кои им ги доделуваат на Факултетското студентско собрание.

Факултетското студентско собрание доставува годишен извештај за трошењето

на средствата. Извештајот се доставува во рок од еден месец од истекот на годината.

Извештајот со образложение за трошоците се усвојува од страна на Наставно-научниот совет.

## V. ОРГАНИ И ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 60**

Органи на Факултетот се: Наставно-научен совет, декан и Деканатска управа.

**Наставно-научен совет**

**Член 61**

Наставно-научниот совет на Факултетот е орган на управување и стручен орган.

Наставно-научниот совет го сочинуваат редовните и вонредните професори и доцентите, кои се во работен однос на факултетот, како и претставници на студентите избирани со мандат од 2 години од Факултетското студентско собрание.

Бројот на студентите во Наставно-научниот совет е променлив во зависност од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет.

Промената на бројот на претставниците на студентите се констатира при утврдувањето на кворумот на седница на Наставно-научниот совет, односно најмалку еднаш годишно.

Бројот на претставниците од редот на студентите е првиот нареден цел број од 10 % од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет.

Во работата на Наставно-научниот совет учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.

Во работата на Наставно-научниот совет учествуваат и соработниците, без право на одлучување.

При изборот во наставно-научни и соработнички звања, како и демонстратори, претставниците на студентите немаат право на одлучување.

**Надлежности и одлучување на Наставно-научниот совет**

**Член 62**

Наставно-научниот совет ги врши и следниве работи:

1. донесува Статут на Факултетот;
2. донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. избира декан и му ја доставува одлуката за избор на Сенатот за потврдување,
4. избира продекани;
5. избира членови во Сенатот;
6. му предлага на Сенатот студиски програми;
7. донесува програма за научноистражувачка работа,односно уметничка работа;
8. врши избор во наставно-научни звања: доцент, вонреден професор и редовен професор, во соработнички звања и демонстратори;
9. предлага број на студенти кои се запишуваат на прв, втор и трет циклус студии;
10. донесува одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година;
11. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на Универзитетот и консолидираната завршна сметка на Универзитетот;
12. му предлага на Универзитетот, односно кога тоа е определено со закон, на основачот, измена или проширување на дејноста во согласност со закон;
13. ги донесува општите акти на Факултетот со кои подетално се уредува работата на органите и телата на Факултетот, како и другите работи кои се уредуваат со општи акти;
14. донесува мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
15. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната,

научноистражувачката, уметничката и применувачката работа и за компјутерската мрежа;
16. го прифаќа годишниот извештај за работа на деканот;
17. го избира и разрешува секретарот на Факултетот;
18. ги избира членовите на комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на Факултетот во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација што го донесува Националниот совет за високото образование и Упатството на Универзитетот;
19. одлучува за библиотеката, за библиотечно-информацискиот систем и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
20. одлучува за организирање на меѓународни собири, симпозиуми, советувања и слично;
21. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
22. ја разгледува иницијативата за предвремено престанување на изборот во звање;
23. одобрува отсуства од работа на наставниот и соработничкиот кадар;
24. утврдува потреба од нови наставници и соработници;
25. распишува конкурс за прв избор во наставно-научни, насловни и соработнички звања и засновање на работен однос на лица кои не се избрани за прв пат во соодветното звање, освен за насловните звања;
26. им дава согласност на наставниците и соработниците за изведување настава на друг факултет;
27. дава мислење до Сенатот заради добивање согласност наставниците и соработниците од Факултетот да можат да изведуваат настава на друг универзитет;
28. избира свои претставници во Одборот за соработка и доверба со јавноста;
29. избира членови на Дисциплинската комисија за одговорност на студентите;
30. по претходно добиено одобрение од Ректорската управа поканува визитинг-наставници, афирмирани научници и стручњаци од практиката;
31. склучува договори за соработка со странски универзитети согласно со Законот за високото образование;
32. одлучува за склучување на договори за двојна диплома (double degree) или заедничка студиска програма (joint degree) согласно со Законот за високото образование;
33. организира различни облици на неформално учење согласно со Законот за високото образование;
34. избира членови на рецензентски и други комисии;
35. донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан;
36. формира изборна комисија за спроведување постапка за избор на декан;
37. донесува деловник за работа на органите и телата на Факултетот;
38. го разгледува извештајот за работа од заменик-студентскиот правобранител;
39. на наставникот кој не го исполнува минималниот број на часови при утврдување на наставна дејност за учебната година/семестар со одлуката за распоредот на часовите и наставата (обезбеденост на наставата), му определува (доделува) часови на настава од сродна научна област. Вкупниот број на часови настава, по можност, се распределува рамномерно;

40. врши и други работи утврдени со закон, Статутот на Универзитетот, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

За работите од ставот 1, точки 1, 3, 4, 5 и 7 на овој член, Наставно-научниот совет може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на Советот.

**Член 63**

Факултетот, од редот на професорите, со тајно гласање избира два претставника во Сенатот на Универзитетот.

Предлозите на кандидати за членови на Сенатот ги поднесуваат институтите.

Мандатот на членовите на Сенатот на Универзитетот трае три години, со право на уште еден избор.

Избрани се оние кандидати кои добиле мнозинство гласови од присутните членови.

Доколку се пријавени повеќе кандидати и го освоиле потребното мнозинство гласови во првиот круг, за избрани се сметаат оние кандидати кои освоиле најголем број на гласови, согласно изготвената ранг листа од претходниот став на овој член.

Доколку се пријавени повеќе кандидати кои освоиле ист број на гласови од потребното мнозинство гласови, гласањето се повторува за кандидатите кои освоиле ист број на гласови.

Доколку се пријавени повеќе кандидати и во првиот круг не се избрани кандидати, односно кандидат, гласањето се повторува, при што секој нареден круг отпаѓа кандидатот што добил најмал број гласови.

Доколку пријавените кандидати не го освоиле потребното мнозинство гласови и не се избрани кандидати, односно кандидат, постапката за предлагање се повторува со нови кандидати.

**Декан**

**Член 64**

Деканот е раководен орган.

Деканот го застапува и го претставува Факултетот во земјава и во странство, во согласност со Статутот на Универзитетот и овој Статут.

Вршењето на должноста декан е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

**Надлежност на деканот**

**Член 65**

Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

1. ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и ректорот на Универзитетот;
2. ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со Статутот на Универзитетот;
3. ги извршува одлуките и заклучоците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа;
4. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, уметничката, научно-истражувачката и применувачката дејност;
5. ги свикува седниците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
6. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Деканатската управа;
7. на Наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
8. најмалку еднаш во годината до Наставно-научниот совет, и до ректорот на Универзитетот поднесува извештај за својата работа;
9. распишува конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни и соработнички звања, најрано 7, а

најдоцна 6 месеци пред истекот на времето за коешто се избрани;

10. одлучува по барањата на наставниците да не се продолжи рокот за распишување на конкурс за избор во звања за времето поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон;
11. ги промовира студентите што завршиле прв и втор циклус студии и доделува награди;
12. управува со имотот на Факултетот и се грижи за неговото одржување, во рамките на овластувањата определени со Статутот на Универзитетот и со овој Статут;
13. покренува образложена иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање;
14. потпишува уверенија и други документи што се издаваат за студентите во текот на студиите и по дипломирањето/магистрирањето;
15. одлучува за правата, обврските и одговорностите на наставниот кадар од работниот однос кои не се во надлежност на органите и телата на Универзитетот и Факултетот;
16. формира постојани и повремени работни тела, за работи од неговата надлежност и утврдува надоместок за нивната работа согласно со актите на Факултетот;
17. одлучува за барањата на студентите, доколку не е поинаку уредено со актите на Универзитетот;
18. ја доставува одлуката за избор на декан во рок од три дена од нејзиното донесување до Сенатот на Универзитетот за нејзино потврдување;
19. се грижи за реализацијата на Годишниот план за јавни набавки и
20. врши и други работи согласно со закон, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

**Избор на декан**

**Член 66**

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на Факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори, и од редот на доцентите, за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот.

Наставно-научниот совет го врши изборот на декан на седница, со тајно гласање, на начин и во постапка утврдени со законот, Статутот на Универзитетот и овој Статут.

Избран за декан се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од присутните членови на наставно-научниот совет.

Одлуката за изборот на декан ја потврдува Сенатот.

**Член 67**

Наставно-научниот совет донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан, најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на постојниот декан.

Во одлуката од став 1 на овој член се определува составот на изборната комисија, формирана од 3 члена, која по правило е составена од членови од различни институти, што ќе ја спроведе постапката за избор, како и содржината на пријавата и роковите и начинот на спроведување на постапката во согласност со законот, Статутот на Универзитетот и овој статут.

**Член 68**

Изборната комисија, освен надлежностите утврдени со Законот за високото образование, ги врши и следниве работи:

- утврдува временска рамка за спроведување на потребните дејствија за избор на декан;
- го одредува денот на гласање;
- го утврдува изгледот на гласачкото ливче;
- го утврдува образецот на записникот за резултатите од гласањето на Факултетот и за крајниот резултат;

- врз основа на резултатите од гласањето, го соопштува избраниот кандидат за декан;
- во рок од три работни дена од спроведените избори ја доставува одлуката за избор на декан до деканот на Факултетот.

Поточната листа на задачи и постапки кои ги врши изборната комисија се утврдуваат со деловник за работа на изборната комисија за избор на декан.

**Престанок на функцијата декан**

**Член 69**

Мандатот на деканот престанува и пред истекот на рокот за кој е избран под услови и во постапка предвидени со законот.

**Продекани**

**Член 70**

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да ги овластува продеканите. Продеканите вршат работи што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на Факултетот.

**Член 71**

Факултетот има три продекани, и тоа за:

1. настава;
2. наука и меѓународна соработка;
3. финансии и инвестиции.

**Член 72**

Продеканите, по предлог на новоизбраниот декан, ги избира и ги разрешува Наставно- научниот совет со тајно гласање.

Мандатот на продеканите по правило трае три години, со право на уште еден избор.

Продеканот истовремено не може да биде и раководител на институт на Факултетот.

Вршителот на должноста декан може да назначи вршител на должноста продекан, за време најмногу до шест месеци.

**Член 73**

Продеканите се грижат, ги координираат и ги усогласуваат високообразовната, научноистражувачката, уметничката, финансиската, инвестиционата и развојната дејност и соработката со универзитетите во земјава и во странство. Вршат и други работи и работни задачи.

**Член 74**

Во случај на спреченост или отсутност на деканот, задолжително го заменува еден од продеканите што ќе го определи деканот.

Обемот на овластувањата во случајот од ставот 1 на овој член го утврдува деканот со свој акт.

**Член 75**

Продеканите, за работа од својот делокруг, одговараат пред Наставно-научниот совет и пред деканот.

Продеканот може да биде разрешен ако:

- сам побара;
- не ги исполнува должностите на продекан;
- сериозно ги прекршува одредбите од овој Статут, актите на Универзитетот и други прописи;
- ја злоупотреби својата положба;
- со своето однесување го повреди угледот на должноста продекан;
- ја изгуби способноста за остварување на своите должности.

За случаите од став 2 од овој член алинеја 2, 3, 4, 5 и 6 деканот поднесува предлог со образложение до Наставно-научниот совет.

Наставно-научниот совет одлучува со тајно гласање.

Потребно е присуство на 2/3 од членовите на Наставно-научниот совет, а одлуката се смета за донесена доколку за разрешување гласале мнозинство гласови од присутните членови на Наставно-научниот совет.

**Деканатска управа**

**Член 76**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот и има 10 члена.

Деканатската управа ја сочинуваат: деканот, продеканите, претседателот од Факултетското студентско собрание и раководителите на институтите.

Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот, без право на одлучување.

**Член 77**

Деканатската управа, освен надлежностите утврдени со Законот за високото образование, ги врши и следниве работи:

1. донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;
2. одлучува по предлозите од Наставно-научниот совет;
3. донесува одлуки за меѓународни проекти;
4. донесува план за јавни набавки;
5. донесува одлуки за јавни набавки што се во надлежност на органот на управување, согласно со Законот за јавните набавки и актите на Универзитетот;
6. одлучува по жалба на студентите против одлуките на деканот;
7. формира разни комисии и тела;
8. одлучува за правата од работен однос во втор степен;
9. врши и други работи определени со овој Статут.

**Член 78**

Деканатската управа може да работи, доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови.

Одлуките се сметаат за донесени, доколку за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број членови на Деканатската управа.

**Одбор за соработка и доверба со јавноста**

**Член 79**

Одборот за соработка и доверба со јавноста брои 5 члена, претставници кои се избираат од редот на:

- 2 члена од наставно-научниот кадар на Факултетот;
- 1 член од стручно-деловната заедница организирана во струковите одделенија на стопанските комори;
- 1 член од Одделението за архитектура и Одделението за урбанизам при Комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Северна Македонија;
- 1 член од стручната заедница организирана во здруженија на граѓани од областа на архитектурата, Асоцијацијата на архитекти на Република Северна Македонија.

За изборот и за начинот на работата на одборот за соработка и доверба со јавноста одлучува Наставно-научниот совет на Факултетот.

Мандатот на членовите на одборот за соработка и доверба е три години.

Одборот дава препораки и совети во врска со:

- студиските програми;
- континуирано учење;
- соработка на единицата со стопанството.

**Член 80**

Начинот на работа (деловнички прашања) на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела и комисии, како и на организационите единици се утврдуваат со посебни акти на Факултетот.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 81**

Постојниот декан, избран пред влегувањето во сила на Законот за високото образование ( "Сл. весник на РСМ" бр. 82/ 2018), продолжува да ја врши функцијата до изборот на нов декан.

Постојните продекани, избрани пред влегувањето во сила на Законот за високото образование („Сл. весник на РСМ" бр. 82/ 2018), продолжуваат да ја вршат својата функција до

истекот на мандатот на постојниот декан.

Постојните раководители на институти, именувани пред влегувањето во сила на овој Статут, продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на мандатот на постојниот декан.

**Член 82**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет.

Согласност на овој Статут дава Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 83**

Општите акти на Факултетот се објавуваат во јавното гласило на Универзитетот и стапуваат во сила со денот на објавувањето.

**Член 84**

Со денот на влегувањето во сила на овој Статут престануваат да важат одредбите од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Архитектонскиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.291 од 14 мај 2014 година).

**Член 85**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Д е к а н**
**Проф. д-р Огнен Марина, с.р.**

---

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат на 34. седница одржана на 27.9.2019 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Статутот на Архитектонскиот факултет во Скопје

**Член 1**

Се дава согласност на Статутот на Архитектонскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со внесени забелешки од Комисијата за нормативна дејност на Универзитетот.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**